# АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН СКОПЈЕ

## Факултет за дизајн и мултимедија

# И З В Е Ш Т А Ј

**за самоевалуација на**

## Факултет за дизајн и мултимедија

**Скопје, 2022год.**

**С О Д Р Ж И Н А**


| | | |
|---|---|---|
| **01** | **ВОВЕД** | **1** |
| 1.1. | Правна основа на процесот на самоевалуација | 1 |
| 1.2. | Цели на самоевалуацијата | 1 |
| 1.3. | Начин на работа на Комисијата за самоевалуација | 1 |
| 1.4. | Позитивни елементи и тешкотии во процесот на самоевалуација | 2 |
| **02** | **МИСИЈА И СТРАТЕГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ** | **2** |
| 2.1 | Мисија и цели на високообразовната установа | 3 |
| 2.2. | Стратегија за остварување на мисијата | 3 |
| 2.3. | Контролни механизми – програми и извештаи за работа | 3 |
| 2.4. | Промени кон подобар факултет | 3 |
| **03** | **ОПИС НА ФАКУЛТЕТОТ** | **4** |
| 3.1. | Историја | 4 |
| 3.2. | Број на вработени – наставен и административен кадар | 4 |
| 3.3. | Број на студенти | 5 |
| 3.4. | Студиски програми | 5 |
| 3.5. | Студиски програми на додипломски студии | 6 |
| 3.6. | Студиски програми на последипломски студии | 6 |
| 3.7. | Облици на континуирано образование | 6 |
| 3.8. | Местото на Факултетот во рамките на националното високо образование | 6 |
| 3.9. | Местото на Факултетот во рамките на меѓународното образование | 7 |
| **04** | **СТУДИСКИ И ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ** | **7** |
| 4.1. | Цели | 7 |
| 4.2. | Структура и содржина на програмата на ФДМ | 16 |
| 4.3. | Образовен систем и услови за негова реализација | 17 |
| 4.4. | Влезен потенцијал на студентите | 17 |
| 4.5. | Организација и искористување на академскиот кадар и ресурсите | 17 |
| 4.6. | Нивоа на успеси | 18 |
| 4.7. | Квалитет на дипломирани студенти | 18 |
| 4.8. | Услови за реализација на образованието | 18 |
| 4.9. | Интернационален контекст на студиската програма | 18 |
| 4.10. | SWOT анализа за студиските и предметните програми | 18 |
| **05.** | **НАСТАВНО НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР** | **19** |
| 5.1 | Наставен кадар | 19 |
| 5.1.1. | Покриеност на наставните предмети со наставници | 19 |
| 5.1.2. | Наставно-научна компетентност на наставниците во однос на предметите што ги предаваат | 19 |
| 5.2. | SWOT анализа за наставно-научниот и соработничкиот кадар | 19 |
| **06.** | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **20** |
| 6.1. | Форми на наставно-образовниот процес | 20 |
| 6.2. | Начини, методи и технологии во наставно-образовниот процес | 20 |
| 6.3. | Покриеност на настава со надворешни соработници | 20 |
| 6.4. | Начини на проверка на знаењата | 20 |

| | | |
|---|---|---|
| 6.5. | Дипломска работа | 21 |
| 6.6. | Вештини за кои студентот се оспособува во текот на студите | 21 |
| 6.7. | Проодност на студентите од година во година според циклуси на високо образование (според табелите од студенски прашања) | 21 |
| 6.8. | SWOT анализа за наставно-образовната дејност | 21 |
| **07.** | **СТУДЕНТИ** | **21** |
| | SWOT анализа за студентите | 21 |
| **08.** | **ЛОГИСТИКА** | **22** |
| | (Коментар според елементите во упатството со посебен нагласок на поврзаноста на Библиотеката со други електронски библиотеки) | |
| **09.** | **ПРОСТОРНИ И МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ** | **22** |
| | (Коментар според елементите во упатството) | |
| **10**. | **НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА** | **23** |
| 10.1. | Соработка со стопанство, со владини институции, со не-владини организации и со други асоцијации на национално ниво, а во контекст на мисијата, целите и задачите на установата | 23 |
| 10.2. | Учество во Европски и други програми | 23 |
| 10.3. | Размена на академски кадар со други академски центри во земјата и странство | 23 |
| 10.4. | Студентска размена со други академски центри во земјата и странство | 23 |
| 10.5. | Контакти со дипломираните студенти | 24 |
| 10.6. | Контакти со работодавците | 24 |
| 10.7. | Меѓународни проекти | 24 |
| 10.8. | Меѓународна димензија на студиските програми | 24 |
| 10.9. | Настава на странски јазици | 24 |
| 10.10. | Користење на странска литература | 24 |
| 10.11. | SWOT анализа за надворешната соработка | 24 |
| **11.** | **УМЕТНИЧКО-НАУЧНИ И СТРУЧНИ АКТИВНОСТИ И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ И АУДИОВИЗУЕЛНА ПРОДУКЦИЈА** | **25** |
| 11.1. | Надворешна соработка и претставување на делата на студентите | 25 |
| 11.2. | SWOT анализа за научно-истражувачката и издавачка дејност | 26 |
| **12.** | **ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА** | **26** |
| 12.1. | Интерно информирање на субјектите во наставно-образовниот процес и другите дејности на факултетот | 26 |
| 12.1.1 | Информираност на студентите преку сајтот на ФОН универзитетот, студентски информатор и календар за работа во учебната година | 27 |
| 12.2. | Екстерно информирање на јавноста | 27 |
| **13.** | **ФИНАНСИРАЊЕ** | **27** |
| | (Коментар според елементите во упатството) | |
| **14.** | **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА АКАДЕМСКИОТ КАДАР** | **27** |

| | | |
|---|---|---|
| **15.** | **ПРЕПОРАКИ И КОРЕКТИВНИ МЕРКИ** | **28** |
| | **ПРИЛОЗИ** | **28** |
| | **ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** | **30** |

# 1. ВОВЕД

## 1.1 Правна основа на процесот на самоевалуација

Врз основа на член 31 и член 67 од Законот за високо образование, Сенатот на Првиот Приватен ФОН Универзитет, на седницата одржана на 16.10.2015 г. усвои Правилник за самоевалуација на ФОН Универзитетот, кој е во согласност со Упатството за обезбедување и оценување на квалитетот на високо-образовните институции, донесено од Агенцијата за евалуација на високото образование на ден 11.07.2002 г. Овој Правилник ги утврдува основите за самоевалуација, методите и постапките за самоевалуација, членовите на Комисијата за самоевалуација, како и содржината и стандардите за подготовка на евалуциониот Извештај (по Факултети и на ниво на Универзитет).

Членови на комисијата на Факултетот за дизајн и мултимедија за спроведување на процесот за самоевалуација се проф. м-р Стефан Јакимовски-претседател, доц. м-р Марк Јанура-член и доц. м-р Емиија Славкова-член.

## 1.2 Цели на самоевалуацијата

Самоевалуацијата на Факултетот за дизајн и мултимедија ги има следните цели:

- Да утврди краток и содржаен приказ на Факултетот за дизајн и мултимедија, наставно-образовниот процес, како и влијанието на научно-истражувачката работа врз осовременувањето на наставата.
- Да ги лоцира добрите и слабите страни на Факултетот за дизајн и мултимедија.
- Да обезбеди податоци за самоевалуацијата на ниво на Универзитет.
- Да обезбеди основа за извршување на надворешна евалуација од Агенцијата за евалуација на РСМ.

## 1.3 Начин на работа на Комисијата за самоевалуација

Комисијата за самоевалуација ја вршеше истата според условите утврдени во Статутот на Универзитетот и според Упатството на единствените основи за евалуација на Универзитетите, усвоено од Интеруниверзитетската конференција.

Од Факултетот за дизајн и мултимедија – како членови на Комисијата за самоевалуација беа избрани:

**Комисија:**
**проф м-р Стефан Јакимовски (претседател)**

**доц.м-р Марк Јанура (член)**

**доц.м-р Емилија Славкова (член)**

- 

Комисијата работеше во согласност со одлуките на Централната (универзитетската) Комисија, под раководство на лектор.м-р Зоран Мехаџински.

Обврска на Комисијата беше и создавањето на овој Извештај, и таа беше поделена по членовите – по соодветни точки (студиски програми, научно-истражувачка и стручно уметничка работа, наставен кадар итн.), а најголемиот дел го сработи претседателот на Комисијата.

### 1.4 Позитивни елементи и тешкотии во процесот на самоевалуација

Позитивен елемент на самоевалуацијата е што преку неа се согледуваат сите моментални состојби на Факултетот за дизајн и мултимедија и се потенцираат и добрите и лошите страни. Преку согледувањето на самоевалуација се доаѓа до почитување на критериумите за избор во наставнички звања, се врши анкетирање на студентите, се добива повратна информација и се дава придонес кон процесот на афирмација на наставниците во земјата и странство. Со тоа се подига нивото на квалитетната настава и угледот на целиот Универзитет.

Во процесот на самоевалуација, факултетската Комисија се сретна и со неколку потешкотии, а како најизразена од нив може да се потенцира координацијата со другите Факултети и грижата за компатибилноста на извештаите.Истовремено комисијата смета дека се потребни подобри системски решенија за унифицирано внесување на информации од наставниот кадар, за кои поради соодветниот темплејт , не постои можност за внес,а се реализирани од наставниот кадар во факултетските единици.

## 2. МИСИЈА И СТРАТЕГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

### 2.1 Мисија и цели на високообразовната установа (Факултет за дизајн и мултимедија)

Мисијата на Факултетот за дизајн и мултимедија е да подготвува дипломирани дизајнери од повеќе области: мултимедија, графички дизајн и моден дизајн. Мисијата на Факултетот за дизајн и мултимедија е и овозможување комплетна образовна, уметничка и научно-истражувачка средина во која се изведува современа и квалитетна настава како примарна цел за подготовката на студентите за успешна кариера, постдипломски студии и доживотно учење.

Основната причина за формирање на Факултетот за дизајн и мултимедија е големата потреба на индустријата, медиумите,институциите на културата и уметноста, како и на другите дејности за високо образовани кадри од областа на дизајнот и мултимедијата во Република Мекедонија.

Дизајнот и мултимедијата се исклучително комплексни дисциплини кои се моќни во творечка и истражувачка смисла.

Во светот како и кај нас расте потребата за кадри од областа на дизајнот и мултимедијата. Големите потреби на индустријата, медиумите, образованието, стопанскиот и општествениот развиток, како и недостигот на високо образовани кадри кои со своите знаења, вештини и творечки способности ќе одговорат на современите барања на пазарот и потрошувачите, претставуваат основа за образовно, истражувачко, уметничко, научно и стручно дејствување на факултетот.

Факултетот за дизајн и мултимедија се одликува со оригинални наставни програми, кои се во согласност со западните универзитети. Фокусот на програмата е ставен на утилитарните апликативни уметнички дисциплини итн. Покрај исполнувањето на примарната задача, образувањето на апликативни стручњаци од областа на графичкиот дизајн, модниот дизајн и мултимедијата, постои и тесна соработка со фирмите што работат во областа на адвертајзиногот, графичкиот дизајн, печатарството, модниот дизајн, телевизиските куќи, продукциите и аниматорските студија, што резултира и со активности на студентите во насока на нивно практично усовршување.

## 2.2 Стратегија за остварување на мисијата

За реализација на поставените цели, потребно е Факултетот да располага со квалитетен наставно-соработнички кадар и тоа во моментов го исполнува. Исто така – за Факултетот за дизајн и мултимедија е важно да биде опремен со најсовремена компјутерска опрема, што е делумно исполнето со две компјутерски училници.

Секако, на Факултетот за дизајн и мултимедија се воведува и практична работа за студентите – надвор од наставниот процес. Оваа иницијатива се практикува секоја година. Проектите што Факултетот за дизајн и мултимедија ги работи се самостојни или во соработка со Универзитетот или компаниите. Знаењата и искуството што го имаат вработените од Факултетот за дизајн и мултимедија се применува преку секоја кампања, проектна задача, работилница или изложба на која учествуваат студентите на факултетот.

## 2.3 Контролни механизми – програми и извештаи за работа

Во функционирањето на Факултетот за дизајн и мултимедија, предвидено е да постојат контролни механизми и извештаи за работата. Претставникот во Сенатот на Универзитетот АУЕ-ФОН ги застапува сите барања и потреби на факултетот пред универзитетската заедница и пред највисокиот орган на Универзитетот АУЕ-ФОН сенатот.Сенатор од Факултеот за дизајн и мултимедија во Сенатот на Универзитетот АУЕ-ФОН во периодот опфатен во овој извештај за самоевалуација е проф. м-р Антонио Аранѓеловиќ. Деканот е задолжен за спроведување на редовните контроли и информирање на наставниот и соработничкиот кадар. Декан на Факултетот за дизајн и мултимедија во периодот опфатен во овој извештај за самоевалуација е проф.м-р Игор Шокаровски. Исто така – според Законот за високо образование на РСМ – деканот е задолжен да поднесе годишен Извештај за работата на деканот до Наставно научниот и уметнички совет на ФДМ.

## 2.4 Промени кон подобар Факултет

Секоја институција тежи кон подобрување на својата работа. За поголема успешност : поголем интензитет на научно наставните и уметничките активности на наставниот кадар (усовршувања), како и интензивирање на меѓународната соработка која ќе придонесекон зголемување на бројот на репрезентативни референци (изложби, учества, селекции, обуки, рецензии, семинари,работилници...). Овие компоненти се многу важни за успешно функционирање и надоградување на еден ваков вид на високо-образовна институција од било која област на уметничко изразување.

Во моментов–активностите на наставниот кадар се насочени кон реализација на наставно научните и стручно уметничките активности а научно истражувачката дејност ее во голема мера резултат на само-иницијативноста и ентузијазмот на членовите на ННУС.

Во иднина можат да се изнајдат начини за вклучувањена кадарот како надворешна соработка во одредени регионални имеѓународни проекти, каков е Еразмус проектот, кои

ќе претставуваатсимбиоза на уметноста и науката, како и овозможување на континуитет во стручното и уметничкото усовршување на кадарот.

## 3. ОПИС НА ФАКУЛТЕТОТ

### 3.1 Историја

Со одлука на основачот бр. 03/001 на ден 17.06.2008 е формирана матичната комисија на Факултетот за дизајн и мултимедија, а првата седница на матичната комисија е одржана на 18.06.2008 година.

Факултетот за дизајн и мултимедија како дел од ФОН Универзитетот е акредитиран со решение на Одборот за акредитација на високото образование Сл.12 од 26.02.2008, а решение за почеток со работа од Министерство за образование и наука бр. 12-5359/4 од 13.11.2008 година.

Првата конститутивната седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за дизајн и мултимедија е одржана на 03.10.2008 година.

Конкурсот за упис на студенти за првата академска 2008/2009 година е распишан на 16.06.2008 г. (прв уписен рок); 02.09.2008 г. (втор уписен рок) и 13.10.2008 г. (трет уписен рок). За запишување во втората и трета година на студии не се распишува посебен конкурс.

Со настава на прва студиска година Факултетот за дизајн и мултимедија започнува да работи од октомври 2008 година.

### 3.2 Број на вработени – наставен и административен кадар

Декан на Факултетот за дизајн и мултимедија при Универзитеот ФОН е проф.м-р Игор Шокаровски

Претставник во Сенатот на Универзитетот ФОН на Факултетот за дизајн и мултимедија е сенаторот проф. м-р Антнио Аранѓеловиќ.

Во следната табела е даден бројот на вработениот наставен и соработнички кадар при Факултетот за дизајн и мултимедија во периодот од 2020 до 2021 година:

### 3.1. Наставен и соработнички кадар

Факултетот за дизајн и мултимедија во учебната 2020/2021 својата дејност ја извршува со вкупно 10 членови на наставниот кадар, од кои 8 вработени со полно работно време, од кои: 2 редовни професои, 3 вонредни професори и 2 доценти:

1. проф. д-р Марија Ветероска
2. проф. м-р Стефан Јакимовски
3. проф. м-р Игор Шокаровски
4. доц. м-р Милош Милосављевиќ
5. доц. м-р Антонио Аранѓеловиќ
6. доц. м-р Марко Ружин
7. доц. м-р Александра Јовановска Хнида

како и 2 визитинг наставници: 1 (еден) насловен доцент и 1 (еден) насловен вонреден професор, и тоа:

11. насловен проф. д-р Ивана Јарчевска
12. насловен доц. м-р Андреј Ѓеоргиевски

Забелешка: Проф. д-р Марија Ветероска е во овој период, на законски следуваното породилно отсуство.

Табела 3.( Наставници и соработници со полно работно време според возраст во 2020/21 на Факултетот за дизајн и мултимедија )

| Возраст | Професори | Вонредни професори | Доценти | Соработници |
|---|---|---|---|---|
| 25-35 | | 1 | 1 | |
| 36-45 | 2 | 1 | 1 | |
| 46-55 | | 1 | | |
| 56-65 | | | | |
| 66-75 | | | | |

Табела 3А .( Визитинг наставници и соработници според возраст во 2020/21 на Факултетот за дизајн и мултимедија )

| Возраст | Професори | Вонредни професори | Доценти | Соработници |
|---|---|---|---|---|
| 25-35 | | | 1 насловен | |
| 36-45 | | 1 насловен | | |
| 46-55 | | | | |
| 56-65 | | | | |
| 66-75 | | | | |

### 3.3 Број на студенти

Во учебната 2020/2021 година вкупниот број на студенти на Факултетот за дизајн и мултимедија изнесува 230 активни студенти кои студираат на три насоки и тоа : графички дизајн, моден дезајн и мултимедија. (Претставено на табела 2).

Табела 2. Број на запишани студенти во школската 2020/2021 во однос на 2019/20 година

| Академска година | I година | IV година | V година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2019/2020 | 69 | 6 | 2 | 77 |
| 2020/2021 | 80 | 6 | 1 | 87 |
| 2021/2022 Заклучно со крај на зимски семестар | 41 | 1 | 3 | 45 |
| Вкупно | | | | 209 |

*Разликата од 230 студенти до 209 студенти со активен статус е во бројот на студенти од претходно акредитираната студиска програма.
Огромно влијание на намалениот број на студенти имаше светската пандемија со вирусот SARS-CoV-2. Но и покрај огромнните промени во надолна линија поради високата стапка на заболеност и смртност во светски рамки и во сите сфери и области, па и во образованието, ФДМ беше и е еден од трите факултети каде се запишаа највеќе студенти во рамките на АУЕ ФОН. Ова се должи на посветеноста и ангажманот на кадарот на ФДМ за квалитетно образование, резултатите на студентите во текот на образовниот процес, како и дополнителните вонкурикуларни активности на професорите и студентите на ФДМ.

### 3.4 Реализација на наставата по студиски програми на додипломски и посдипломски студии

Факултетот за дизајн и мултимедија според добиената акредитација организира настава за прв и втор циклус студии на студиските програми: Дизајн и мултимедија, која беше спроведена и за новозапишаните студенти.

Факултетот за дизајн и мултимедија, во периодот опфатен со овој извештај, на прв циклус студии организираше редовна настава, која се реализираше комбинирано, односно со физичко присуство и низ мрежна конекција (online) на платформата Microsoft Teams, додека дел од наставата на вториот циклус студии поради вонредниот статус на студентите, се одвиваше менторски, комбинирано, односно со физичко присуство и низ мрежна конекција (online) на платформата Microsoft Teams.

Целта на Факултетот за дизајн и мултимедија е да подготвува едуцирани дизајнери кои се профилираат во следниве области: графички дизајн, мултимедија и моден дизајн. Студиските програми на Факултетот за дизајн и мултимедија овозможуваат изведување на современа и квалитетна настава како примарна цел за подготовката на студентите за успешна кариера, практична самостојна работа и доживотно учење во комплетна образовна, уметничка и научно-истражувачка средина.

Во реализацијата на студиската програма – може слободно да се спомене дека планираните обврски на наставниот кадар се исполнети воглавно во целост. Курсевите завршија во предвидените термини, а во периодот кој што го опфаќа овој извештај, периодите на академска година траеа во предвиденото време.

Системот за оценување е според ЕКТС – испитот се полага преку два колоквиуми, а се оценуваат и присутноста, активноста и изработените задачи. Колоквиумите беа спроведени во предвидените колоквиумски недели, а испитите во предвидените редовни и вонредни испитни сесии. Колоквиумите и испитите, зависно од природата на наставниот предмет, се спроведуваат апликативно и/или теоретски – писмено, а се реализираат комбинирано, односно со физичко присуство и низ мрежна конекција (online) на платформата Microsoft Teams

**3.7 Форми на наставно-образовниот процес и методи на проверка на знаењето**

Во реализацијата на наставно-образовниот процес на Факултетот за дизајн и мултимедија доминира практичната и менторска настава, а на некои предмети се изведува и настава „екс катедра“, при што истата потоа апликативно се применува на вежбите, а се реализира комбинирано, односно со физичко присуство и низ мрежна конекција (online) на платформата Microsoft Teams. На сите предмети (со исклучок на предметите од областа на историја на уметност), здобиените знаења се применуваат во апликативни решенија од помал или поголем обем.При реализацијата на наставно-образовниот процес Факултетот употребува компјутерска технологија и соодветни наставни и дидактички помагала, а истиот се реализира комбинирано, односно со физичко присуство и низ мрежна конекција (online) на платформата Microsoft Teams.

Методите за проверка на знаењата главно се преку апликативни проекти, преку кои се проверува знаењето на дизајн процесот, но и теоретски/писмено на одредени курсеви. Во овој контекст може да се каже дека студентите најголем дел од испитите ги полагаат преку колоквиуми во процесот на континуирана проверка на знаењата.

Врз основа на тоа може да се констатира дека начинот на спроведување на наставата и вежбите и индивидуалниот пристап кон студентите резултира со особено поволни резултати.

**3.8 Местото на Факултетот во рамките на националното високо образование**

Факултетот за дизајн и мултимедија е прв пат акредитиран во 2008 г. и по спецификите и стручните компетенции со кои се здобиваaат студентите е единствен во Република Македонија . Постојат неколку државни и приватни факултети на кои се застапени одреден број на сродни предметни содржини во студиските програми:

- Факултет за ликовни уметности, Универзитет "Св. Кирил и Методиј"- Скопје;
- Факултет за арт и дизајн, - Прв приватен Европски Универзитет - Република Северна Македонија;
- Технички Факултет – Битола, (отсек графичко инженерсво, модул: графички дизајн и мултимедија), Универзитет "Св. Климент Охридски" – Битола;
- Технолошко-технички факултет, (насока: текстил, дизајн и менаџмент) Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- Факултет Архитектура и дизајн, Универзитет ”Американ колеџ”- Скопје.
- Факултет за драмски уметности при Универзитет "Св. Кирил и Методиј"- Скопје (Катедрите за: Филмска и телевизиска монтажа и Филмска и телевизиска режија )
- Државен Универзитет во Тетово (Факултет за уметности)
- Универзитет „Гоце Делчев “ Штип ( Ликовна Академија и Филмска Академија)

### 3.9 Местото на Факултетот во рамките на меѓународното образование

Факултетот за дизајн и мултимедија е моделиран согласно препораките на Болоњската декларација и како и влијателните меѓународни здруженија и иницијативи од областа на применетите уметности, модниот дизајн и дизајнот и мултимедијата воопшто.Универзитетот АУЕ-ФОН има воспоставено соработка со повеќе факултети и универзитети од Италија, Република Турција, Соединетите Американски Држави, Полска, Република Словенија, Република Србија, Република Бугарија и други, преку кои и Факултетот за дизајн и мултимедија остварува активности и соработка.

## 4. СТУДИСКИ И ПРЕДМЕТНИ ПРОГРАМИ

### 4.1 Цели

Студентите ќе имаат визија на новите разбирања, потреби, образование, култура и други карактеристики на современиот свет. Дизајнот и мултимедијата по својата суштина се поврзуваат со уметничките вештини и знаењето и како такви директно учествуваат во развојот на квалитетот на живеењето.

Потребите на пазарот за успешни уметнички решенија од областа на дизајнот и мултимедијата, им обезбедуваат на остварените дела конкурентност на нашиот и светски пазар. Ликовниот вкус, креативните иницијативи и идеи, интердисциплинарноста на дизајнот и мултимедија го карактеризираат почетокот на третиот милениум и во условите на транзиција во кои се наоѓа нашата земја потребни се трајни вложувања во изучувањето на оваа област.

Стремежот за постигнување на европско ниво од областа на дизајн и мултимедијата, факултетот ќе го постигне со образување на различни профили на стручен кадар, што ќе биде значаен придонес за образовниот и културниот идентитет на државата.

**Академските цели** на студиската програма се образување на кадри кои треба да покажат познавања, професионалниот и експертиза во уметничките, дизајнерските, маркетингшките и другите дисциплини.

**Професионалните цели** се да студентите се стекнат со знаења и вештини, но и да се реализира нивно профилирање во одредени уметнички области (моден дизајн, дизајн-мултимедија и графички дизајн).

**Студиска програма на Факултетот за дизајн и мултимедија за додипломски студии 2017/2018 година** (акредитирана со решение на Одборот за акредитација на високото образование бр. 103/10,168/10 и 10/11 од 06.07.2017)

**Студиска програма за ПРВ ЦИКЛУС на студии на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав на ФОН Универзитетот:**

# ДИЗАЈН И МУЛТИМЕДИЈА

**ПРВАГОДИНА**

**I Семестар**

| | Код | Предмет | Часови – неделно | Часови вкупно | ЕКТС | Оптоварување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | DUM1101 | Техники на цртање 1 | 2+4 | 90 | 7 | 210 |
| 2 | DOD1101 | Визуелна комуникација 1 | 2+2 | 60 | 7 | 210 |
| 3 | DUM1102 | Ликовна теорија | 2+2 | 60 | 7 | 210 |
| **Еден изборен предмет од следнава листа на предмети** | | | | | | |
| 4 | DGD1101 | Основи на графички дизајн | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DMM1101 | Основи на мултимедија | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DMD1101 | Основи на моден дизајн | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| **Еденизборенпредметодуниверзитетскаталистанапредмети** | | | | | | |
| 5 | | Универзитетска листа Група 1 | мин. 2 | мин. 30 | 3 | 90 |
| **Вкупно** | | | **мин 20** | **мин 300** | **30** | **900** |

**II Семестар**

| | Код | Предмет | Часови неделно | Часови вкупно | ЕКТС | Оптоварување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | DUM1201 | Техники на цртање 2 | 2+4 | 90 | 7 | 210 |
| 2 | DOD1201 | Типографија и знаковни системи 1 | 2+2 | 60 | 7 | 210 |
| 3 | DOD1202 | Компјутерски алатки | 2+2 | 60 | 7 | 210 |
| **Еденпредметодследнавалистанапредмети** | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | DUM1202 | Графички техники | 1+3 | 60 | 6 | 180 |
| | DUM1203 | Основи на фотографија | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DMD1201 | Основи на цртање на модна силуета | 1+3 | 60 | 6 | 180 |
| | DUM1204 | Вечерен акт | 1+3 | 60 | 6 | 180 |
| **Еден изборен предмет од универзитетската листа на предмети** | | | | | | |
| 5 | | Универзитетска листа Група 2 | мин. 2 | мин. 30 | 3 | 90 |
| **Вкупно** | | | **мин 20** | **мин 300** | **30** | **900** |

**ВТОРА ГОДИНА**

**III Семестар**

| | Код | Предмет | Часови – неделно | Часови вкупно | ЕКТС | Оптоварувањ е |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | DUM2101 | Техники на сликање 1 | 2+4 | 90 | 7 | 210 |
| 2 | DUM2102 | Фотографија | 2+2 | 60 | 7 | 210 |
| 3 | DIU2101 | Историја на уметност 1 | 2+1 | 45 | 5 | 150 |
| **Еден изборен предмет од следнава листа на предмети** | | | | | | |
| 4 | DGD2101 | Графички дизајн 1 | 2+4 | 90 | 8 | 240 |
| | DMM2101 | Мултимедија 1 | 2+4 | 90 | 8 | 240 |
| | DMD2101 | Моден дизајн 1 | 2+4 | 90 | 8 | 240 |
| **Еден изборен предмет од универзитетската листа на предмети** | | | | | | |
| 5 | | Универзитетска листа Група 1 | мин. 2 | мин. 30 | 3 | 90 |
| **Вкупно** | | | **мин 21** | **мин 315** | **30** | **900** |

**IV Семестар**

| | Код | Предмет | Часови – неделно | Часови вкупно | ЕКТС | Оптоварување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | DUM2201 | Техники на сликање 2 | 2+4 | 90 | 7 | 210 |
| 2 | DOD2201 | Типографија и знаковни системи 2 | 2+2 | 60 | 7 | 210 |
| 3 | DIU2201 | Историја на уметност 2 | 2+1 | 45 | 5 | 150 |
| **Еденизборенпредметодследнавалистанапредмети** | | | | | | |
| 4 | DGD2201 | Графички дизајн 2 | 2+4 | 90 | 8 | 240 |
| | DMM2201 | Мултимедија 2 | 2+4 | 90 | 8 | 240 |
| | DMD2201 | Моден дизајн 2 | 2+4 | 90 | 8 | 240 |
| **Еденизборенпредметодуниверзитетскаталистанапредмети** | | | | | | |

X

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | | Универзитетска листа Група 2 | мин. 2 | мин. 30 | 3 | 90 |
| **Вкупно** | | | **мин. 21** | **мин. 315** | **30** | **900** |

**ТРЕТА ГОДИНА**

**V Семестар**

| | Код | Предмет | Часови – неделно | Часови – вкупно | ЕКТС | Оптоварување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | DOD3101 | Дизајн процес | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| 2 | DUM3101 | Илустрација | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| 3 | DIU3101 | Современа уметност | 2+1 | 45 | 5 | 150 |
| **Два изборни предмети од следнава листа на предмети** | | | | | | |
| 4 | DGD3101 | Графички дизајн 3 | 2+4 | 90 | 8 | 240 |
| | DMM3101 | Мултимедија 3 | 2+4 | 90 | 8 | 240 |
| | DMD3101 | Моден дизајн 3 | 2+4 | 90 | 8 | 240 |
| 5 | DGD3102 | Дизајн на лејаут | 2+2 | 60 | 5 | 150 |
| | DMD3102 | Текстил и текстилни производи | 2+2 | 60 | 5 | 150 |
| **Вкупно** | | | **мин.21** | **мин.315** | **мин.30** | **мин. 900** |

**VI Семестар**

| | Код | Предмет | Часови – неделно | Часови – вкупно | ЕКТС | Оптоварување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | DGD3201 | Дизајн на книга | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| 2 | DOD3201 | Визуелна комуникација 2 | 2+2 | 60 | 7 | 210 |
| 3 | DIU3201 | Историја на дизајн | 2+0 | 30 | 4 | 120 |
| **Два изборни предмети од следнава листа на предмети** | | | | | | |
| 4 | DGD3202 | Графички дизајн 4 | 2+4 | 90 | 8 | 240 |
| | DMM3201 | Мултимедија 4 | 2+4 | 90 | 8 | 240 |
| | DMD3201 | Моден дизајн 4 | 2+4 | 90 | 8 | 240 |
| 5 | DMM3202 | Карактер дизајн | 2+2 | 60 | 5 | 150 |
| | DMD3202 | Модни додатоци | 2+2 | 60 | 5 | 150 |
| **Вкупно** | | | **мин.20** | **мин.300** | **мин. 30** | **мин. 900** |

**ЧЕТВРТА ГОДИНА**

**VII Семестар**

| | Код | Предмет | Часови – неделно | Часови – вкупно | ЕКТС | Оптоварување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | DSD4101 | Дизајн на сцена | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| 2 | DOD4101 | Дизајн истражување | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| 3 | DMM4101 | 3Д Моделирање | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| **Два изборни предмети од следнава листа на предмети** | | | | | | |
| 4 5 | DOD4102 | Сториборд | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DGD4101 | Експериментална типографија | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DMM4102 | Аудио и видео монтажа | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DMD4101 | Модна илустрација | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DIU4101 | Историја и теорија на костим и мода | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| **Вкупно** | | | **20** | **300** | **30** | **900** |

**VIII Семестар**

| | Код | Предмет | Часови – неделно | Часови – вкупно | ЕКТС | Оптоварување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | DOD4201 | Портфолио | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| 2 | | Дипломска работа | 0+10 | 150 | 12 | 360 |
| **Два изборни предмети од следнава листа на предмети** | | | | | | |
| 4 5 | DMD4201 | Модна колекција | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DMD4202 | Техники на драпирање и мулаж | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DMM4201 | Анимација | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DGD4201 | Дизајн на печатени медиуми | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DOD4202 | Стрип дизајн | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| **Вкупно** | | | **22** | **330** | **30** | **900** |

Следи листа на предмети релевантни за различните области во дизајнот, опфатени со студиската програма на Дизајн и мултимедија. Студентот кој ќе освои доминантен број на кредити од

определена листа на релевантни предмети, односно минимум 44 ЕКТС од одредена област, се здобива со звање Дипломиран дизајнер од соодветната област.

**Листа на релевантни предмети од областа Графички дизајн**

| Р.б. | Код | Име на предмет | статус | година/семестар | ЕКТС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | DGD1101 | Основи на графички дизајн | изборен | I/1 | 6 |
| 2. | DUM1202 | Графички техники | изборен | I/2 | 6 |
| 3. | DGD2101 | Графички дизајн 1 | изборен | II/3 | 8 |
| 4. | DGD2201 | Графички дизајн 2 | изборен | II/4 | 8 |
| 5. | DGD3101 | Графички дизајн 3 | изборен | III/5 | 8 |
| 6. | DGD3102 | Дизајн на лејаут | изборен | III/5 | 5 |
| 7. | DMM3202 | Карактер дизајн | изборен | III/6 | 5 |
| 8. | DGD3202 | Графички дизајн 4 | изборен | III/6 | 8 |
| 9. | DOD4102 | Сториборд | изборен | IV/7 | 6 |
| 10. | DGD4101 | Експериментална типографија | изборен | IV/7 | 6 |
| 11. | DGD4201 | Дизајн на печатени медиуми | изборен | IV/8 | 6 |
| 12. | DOD4202 | Стрип дизајн | изборен | IV/8 | 6 |
| **Вкупно** | | | | | **78** |

Студентот кој се стекнал со минимум 44 ЕКТС од областа графички дизајн и пријавил, изработил и одбранил Дипломска работа од областа графички дизајн се здобива со звање **ДИПЛОМИРАН ДИЗАЈНЕР ОД ОБЛАСТА ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН**.

---

–

**Листа на релевантни предмети од областа Мултимедија**

| Р.б. | Код | Име на предмет | статус | година/семестар | ЕКТС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | DMM1101 | Основи на мултимедија | изборен | I/1 | 6 |
| 2. | DUM1203 | Основи на фотографија | изборен | I/2 | 6 |
| 3. | DMM2101 | Мултимедија 1 | изборен | II/3 | 8 |
| 4. | DMM2201 | Мултимедија 2 | изборен | II/4 | 8 |
| 5. | DMM3101 | Мултимедија 3 | изборен | III/5 | 8 |
| 6. | DGD3102 | Дизајн на лејаут | изборен | III/5 | 5 |
| 7. | DMM3201 | Мултимедија 4 | изборен | III/6 | 8 |
| 8. | DMM3202 | Карактер дизајн | изборен | III/6 | 5 |
| 9. | DMM4102 | Аудио и видео монтажа | изборен | IV/7 | 6 |
| 10. | DOD4102 | Сториборд | изборен | IV/7 | 6 |
| 11. | DMM4201 | Анимација | изборен | IV/8 | 6 |
| 12. | DOD4202 | Стрип дизајн | изборен | IV/8 | 6 |
| **Вкупно** | | | | | **78** |

Студентот кој се стекнал со минимум 44 ЕКТС од областа мултимедија и пријавил, изработил и одбранил Дипломска работа од областа мултимедија, се здобива со звање **ДИПЛОМИРАН ДИЗАЈНЕР ОД ОБЛАСТА МУЛТИМЕДИЈА**.

–

**Листа на релевантни предмети од областаМоден дизајн**

| Р.б. | Код | Име на предмет | статус | година/семестар | ЕКТС |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | DMD1101 | Основи на моден дизајн | изборен | I/1 | 6 |
| **2.** | DMD1201 | Основи на цртање на модна силуета | изборен | I/2 | 6 |
| **3.** | DMD2101 | Моден дизајн 1 | изборен | II/3 | 8 |
| **4.** | DMD2201 | Моден дизајн 2 | изборен | II/4 | 8 |
| **5.** | DMD3101 | Моден дизајн 3 | изборен | III/5 | 8 |
| **6.** | DMD3102 | Текстил и текстилни производи | изборен | III/5 | 5 |
| **7.** | DMD3201 | Моден дизајн 4 | изборен | III/6 | 8 |
| **8.** | DMD3202 | Модни додатоци | изборен | III/6 | 5 |
| **9.** | DMD4101 | Модна илустрација | изборен | IV/7 | 6 |
| **10.** | DIU4101 | Историја и теорија на костим и мода | изборен | IV/7 | 6 |
| **11.** | DMD4201 | Модна колекција | изборен | IV/8 | 6 |
| **12.** | DMD4202 | Техники на драпирање и мулаж | изборен | IV/8 | 6 |
| **Вкупно** | | | | | **78** |

Студентот кој се стекнал со минимум 44 ЕКТС од областа моден дизајни пријавил, изработил и одбранил Дипломска работа од областа моден дизајн се здобива со звање **ДИПЛОМИРАН ДИЗАЈНЕР ОД ОБЛАСТА МОДЕН ДИЗАЈН**

**Модул за студенти со завршени тригодишни студии на прв циклус**
**за студиската програма на втор циклус (два семестри и 60 ЕКТС)**
**на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав на ФОН Универзитетот**

**ЧЕТВРТА ГОДИНА**
**VII Семестар**

| | Код | Предмет | Часови – неделно | Часови вкупно | ЕКТС | Оптоварување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | DSD4101 | Дизајн на сцена | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| 2 | DOD4101 | Дизајн истражување | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| 3 | DMM4101 | 3Д Моделирање | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| **Два изборни предмети од следнава листа на предмети** | | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | DOD4102 | Сториборд | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DGD4101 | Експериментална типографија | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DMM4102 | Аудио и видео монтажа | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| 5 | DMD4101 | Модна илустрација | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DIU4101 | Историја и теорија на костим и мода | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| **Вкупно** | | | **20** | **300** | **30** | **900** |

**VIII Семестар**

| | **Код** | **Предмет** | **Часови – неделно** | **Часови вкупно** | **ЕКТС** | **Оптоварува ње** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | DOD4201 | Портфолио | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| 2 | DGD3201 | Дизајн на книга | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| 3 | DOD3201 | Визуелна комуникација 2 | 2+2 | 60 | 7 | 210 |
| **Еден изборен предмет од следнава листа на предмети** | | | | | | |
| 4 | DMD4201 | Модна колекција | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DMD4202 | Техники на драпирање и мулаж | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DMM4201 | Анимација | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DGD4201 | Дизајн на печатени медиуми | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DOD4202 | Стрип дизајн | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| **Еден изборен предмет од универзитетската листа на предмети** | | | | | | |
| 5 | | Универзитетска листа Група 2 | мин. 4 | мин. 60 | 3 | 90 |
| **Дизајнерска практика** | | | | | | |
| | | *задолжителна Дизајнерска практика која треба да се реализира во текот на летниот семестар и која носи 2 ЕКТС кредити | | | 2 | 60 |
| **Вкупно** | | | **20** | **300** | **30** | **900** |

**Со целосно реализиран модул и стекнати 60 ЕКТС од него, студентите кои претходно имаат завршено соодветна тригодишна студиска програма на прв циклус со 180 ЕКТС се здобиваат со звање Дипломиран дизајнер.**

**Студиска програма за ВТОР ЦИКЛУС на студии на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав на ФОН Универзитетот:**

## ДИЗАЈН И МУЛТИМЕДИЈА

На студиската програма од втор циклус Дизајн и мултимедија може да се запишат студенти со завршени соодветни **четиригодишни** студии на прв циклус и стекнати 240 ЕКТС

**ПЕТТА ГОДИНА**

**IX Семестар**

| РБ | Код | Предмет | Часови–неделно | Часови–вкупно | ЕКТС | Оптоварување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | DOD5101 | Дизајн проект | 2+2 | 60 | 5 | 150 |
| 2 | DOD5102 | Ликовна естетика во дизајнот | 2+1 | 45 | 4 | 120 |
| 3 | DUM5101 | Дигитална фотографија | 2+2 | 60 | 5 | 150 |
| 4 | UMN5104 | Методологија на научно-истражувачката работа | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| **Еден предмет од следнава листа на изборни предмети** | | | | | | |
| 5 | DGD5101 | Графички дизајн-напредно ниво 1 | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DMM5101 | Мултимедија-напредно ниво1 | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DMD5101 | Моден дизајн-напредно ниво 1 | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| **Еденизборенпредметодуниверзитетскаталистанапредмети** | | | | | | |
| 6 | | Универзитетска листа од Група 3 | 4 | 60 | 4 | 120 |
| **Вкупно** | | | **23** | **345** | **30** | **900** |

**X Семестар**

| РБ | Код | Предмет | Часови–неделно | Часови–вкупно | ЕКТС | Оптоварување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | DOD5201 | Арт досие | 2+2 | 60 | 4 | 120 |
| 2 | | Магистерски труд | 0+12 | 180 | 15 | 450 |
| **Два предмети од следнава листа на изборни предмети** | | | | | | |
| 3 4 | DGD5201 | Графички дизајн-напредно ниво 2 | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DMM5201 | Мултимедија-напредно ниво 2 | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DMD5201 | Модендизајн-напредно ниво 2 | 2+2 | 60 | 6 | 180 |
| | DMM5202 | Видео дизајн | 2+2 | 60 | 5 | 150 |
| | DGD5202 | Дизајн на плакат | 2+2 | 60 | 5 | 150 |
| | DMD5202 | Колекција | 2+2 | 60 | 5 | 150 |

| Вкупно | 24 | 360 | 30 | 900 |
|---|---|---|---|---|

Следи листа на предмети релевантни за различните области во дизајнот, опфатени со студиската програма на Дизајн и мултимедија. Студентот кој ќе освои доминантен број на кредити од одредена листа на релевантни предмети, односно минимум 12 ЕКТС од одредена област и пријави, изработи и одбрани Магистерски труд од истата област, се здобива со звање Магистер по дизајн од соодветната област.

**Листа на релевантни предмети од областа Мултимедија**

| Р.б. | Код | Име на предмет | статус | година/семестар | ЕКТС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | DMM5101 | Мултимедија-напредно ниво1 | изборен | V/9 | 6 |
| 2. | DMM5201 | Мултимедија-напредно ниво2 | изборен | V/10 | 6 |
| 3. | DMM5202 | Видео дизајн | изборен | V/10 | 5 |
| | | | | Вкупно | **17** |

Студентот кој се стекнал со минимум 12 ЕКТС од областа мултимедија и пријавил, изработил и одбранил Магистерски труд од областа мултимедија, се здобива со звање **МАГИСТЕР ПО ДИЗАЈН ОД ОБЛАСТА МУЛТИМЕДИЈА**.

**Листа на релевантни предмети од областа Графички дизајн**

| Р.б. | Код | Име на предмет | статус | година/семестар | ЕКТС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | DGD5101 | Графички дизајн-напредно ниво 1 | изборен | V/9 | 6 |
| 2. | DGD5201 | Графички дизајн-напредно ниво 2 | изборен | V/10 | 6 |
| 3. | DGD5202 | Дизајн на плакат | изборен | V/10 | 5 |
| | | | | Вкупно | **17** |

Студентот кој се стекнал со минимум 12 ЕКТС од областа графички дизајни пријавил, изработил и одбранил Магистерски труд од областа графички дизајн, се здобива со звање**МАГИСТЕР ПО ДИЗАЈН ОД ОБЛАСТА ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН**.

**Листа на релевантни предмети од областа Моден дизајн**

| Р.б. | Код | Име на предмет | статус | година/семестар | ЕКТС |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | DMD5101 | Модендизајн-напредно ниво 1 | изборен | V/9 | 6 |
| 2. | DMD5201 | Модендизајн-напредно ниво 2 | изборен | V/10 | 6 |
| 3. | DMD5202 | Колекција | изборен | V/10 | 5 |
| | | | | Вкупно | **17** |

Студентот кој се стекнал со минимум 12 ЕКТС од областа моден дизајни пријавил, изработил и одбранил Магистерски труд од областа моден дизајн, се здобива со звање**МАГИСТЕР ПО ДИЗАЈН ОД ОБЛАСТА МОДЕН ДИЗАЈН**.

## 4.2 Структура на студиската програма на Факултетот за дизајн и мултимедија

Наставата е прилагодена на формирањето на стручниот профил на кадрите од одредена област. Формите на наставата се различни и специфични за секој предмет (предавања, вежби, изработка на модели, семинарски работи, проектни задачи, испити, истражувачко-уметнички проекти и др.).

Формите на настава на сите нивоа на студии се засновани на достигнувањата на уметничката и научно-истражувачката работа, современата методика, методологија, дидактика, педагогија и психологија.

Секој предмет на студиските програми е по природа и содржина посебен, но најчесто и интегриран и во корелација со другите предметни содржини, поради формирање на творечкиот профил на кадрите какви што ги бараат индустријата, малото стопанство, медиумите, филмската продукција од областа на анимацијата, оформувањето на корпоративните идентитети, дизајнирањето на маркетиншки стратегии и другите дејности.

Процентуалната застапеност на секоја од областите и ја дефинира **ориентационата функција** на академската година. Така првата студиска година е со еднаква застапеност на општо-образовни ,основни предмети и предмети од стручноста на насоката, додека погорните студиски години се поинтензивно стручно-ориентирани. Од дадените табели може да се заклучи дека кадарот што студира на Факултетот за дизајн и мултимедија, е оспособен за практична и теоретска работа, бидејќи ќе поседува знаења од различни дизајнерски стручно-уметнички и наставно-научни дисциплини.

## 4.3 Образовен систем и услови за реализација

**Концептот на образовниот систем** е следниот:

Првата година освен предметите со именител општо-образовни ги воведува студентите и во основите на стручно уметничките предмети од областа на дизајнот како и соодветно на областа, па претставува основа и јадро за понатамошно профилирање.

Во текот на следните години на студии, соодветно на областите, се продлабочуваат нивните знаења.Важно својство на студиските програми е дека претставуваат единство на различните наставно-научни и стручно –уметнички дисциплини кои ја формираат творечката способност на студентите (уметничките, техничките, информатичките,графичките, модните, сценско-уметничките, филмските , технолошките, маркетингшките и други дисциплини). Интегрираните содржини на сите предмети на студиските програми имаат за цел на кадрите да им овозможат стекнување на знаења, вештини и творечки способности кои ги бара актуелните конзументи но истовремено студентите се насочуваат кон агендно оформување на идни насоки за развој на дизајнот на иднината.

**Методите за реализација на** образовниот систем се преку класични фронтални предавања, интерактивна настава, аудиториски вежби и лабораториски вежби, во соднос распределен соодветно на конкретниот предмет од силабусната програма на Факултетот за дизајн и мултимедија. Распоредот на часови е организиран според оваа застапеност и со тоа е овозможен баланс на начинот на кој студентите го поминуваат своето време при одржување на вежбите (работа во групи, практична настава, клиничка настава, посета на институции и фирми кои гравитираат кон содржините на предметната настава и сл.)

**Методите за оценување** се во согласност со усвоениот правилник за ЕКТС и Статут на АУЕ-ФОН универзитетот.

**4.4 Влезен потенцијал на студентите**

Услов за запишување на Факултетот за дизајн и мултимедија е завршено четири годишно средно образование, и положена државна матура (завршен испит), без оглед на струка-насока.Рангирањето се врши врз основа на просечната оценка и успехот покажан на матурата и влијае на квотата за партиципација за упис.

**4.5 Организација и искористеност на академскиот кадар и ресурсите**

Во реализацијата на студиската програма – можеме слободно да истакнеме дека планираните обврски на наставниот и асистентскиот кадар се исполнети во целост. Студентите покрај практичните имаат и теориски предавања лабораториски вежбии клиничка настава и практична настава (по одредени стручно-уметнички предмети) каде практично ги вежбаат изложените концепти. Курсевите завршија во предвидените термини, а и целата **академска година траеше во предвиденото време**.

Исто така постои рамнотежа во поглед на **планираните и реализираните студентски активности** (лабораториски вежби, семинарски работи, домашни задачи, проектни активности). Прогресот на студентот се оценува според повеќе параметри кои се дефинирани во ЕКТС концептот.

**Системот за оценување** е според ЕКТС – Системот за оценување е според ЕКТС – испитот се полага преку два колоквиуми, а се оценуваат и присутноста, активноста и изработените задачи. Колоквиумите беа спроведени во предвидените колоквиумски недели, а испитите во предвидените редовни и вонредни испитни сесии. Колоквиумите и испитите, зависно од природата на наставниот предмет, се спроведуваат апликативно и/или теоретски – писмено, а се реализираат комбинирано, односно со физичко присуство и низ мрежна конекција (online) на платформата Microsoft Teams.

Во поглед на **ефикасноста на организацијата** и внатрешната комуникација во рамките на Факултетот – можеме да истакнеме дека се во координација на деканот и дека оваа учебна година се функционираше без никакви забелешки.

**4.6 Нивоа на успех**

Во поглед на планираните и реализираните активности и покрај вондредните услови поради епидемијата со вирусот САРс Ков1-Корона сепак – може слободно да кажеме дека целокупната наставна активност е реализирана според планот со прилагодување на целосната ситуација наставниот процес беше инплемнтериран навремено и соодветно на силабусната програма.

**4.7 Квалитет на дипломирани студенти**

Поголемиот број на дипломираните студенти на Факултетот за дизајн и мултимедија, најчесто,неколку месеци по дипломирањето се вработуваат во редовен работен однос или се ангажирани на проекти од продукциски куќи, маркетинг агенции и институции како дизајнери на корпоративен идентитет, графички дизајнери, аниматори и реализатори на концепти за анимирани филмови , модни дизајнери и костимографи, истражувачи на дизајнот како медиум,ley out дизајнери, дизајнери на мулдимедија, стори борд цртачи за филмски продукции,телевиизии, аниматори на сегменти.

**4.8 Услови за реализација на образованието**

Предавањата и вежбите на нашиот Факултет се одвиваат во соодветно опремени студиа и лаборатории при што се користат освен традиционални реквизитии современи помагала (десктоп, лаптоп, ЛЦД проектор...). Секој студент, во принцип располага со компјутерската опрема за време на вежбите и е во состојба практично да ги реализира поставените задачи.

### 4.9 Интернационален контекст на студиската програма

Студиските програми се напредни и иновативни, нивниот пристап ги опфаќа и истражувачката и професионалната пракса. Програмите создадени по углед на реномираните интернационални високообразовни институции, чии што студиски програми ги покриваат областите на факултетите за дизајн и мултимедијата. Со модуларизацијата на студискате програми преку групи на изборни предмети јасно и недвосмислено се артикулираат очекуваните цели и на студентите и им дава јасен критериум за проценка на нивните способности.

### 4.10 SWOT анализа за студиските и предметните програми

| | |
|---|---|
| S | • образување на високо-стручни кадри кои покажуваат познавања, професионалниот и експертиза во уметничките, дизајнерските, маркетингшките и другите дисциплини;<br>• единство на различните наставни дисциплини кои ја формираат творечката способност на студентите;<br>• продлабочување нанивните знаења по области во текот на специјалистичките и мастер студиите |
| W | • континуирано осовременување и надополнување на програмите за да се произведе компетентен кадар за пазарот воЕУ и пошироко. |
| O | • соработка со меѓународни здруженија и високообразовни институции.<br>• на студентите да им се претстави и практично другиот аспект на професијата во однос на запознавањето со поимите: тим, рок, однос кон работата, клиентот и тимот, основни знаења за бизнисот. |
| T | • да не се врши континуирана модернизација на студиската програма |

## 5. НАСТАВНО-НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР

### 5.1 Наставен кадар

Факултетот за дизајн и мултимедија располага со 7 наставници. Од наставниот кадар има вкупно 2 редовени професори, 3 вонредни професори и 2 доценти и 2 визитинг наставника. Може да се заклучи дека кадарот со кој располага ги задоволува потребите за спроведување настава на додипломските студии и студии од втор циклус.

### 5.1.2 Наставно-научна компетентност на наставниците во однос на предметите што ги предаваат

Сите наставници имаат избор во соодветна област, така што нивната компетентност е неспорна. При поделбата на предметите - земена е во предвид и потесната специјалност на наставниот кадар и минатото педагошко и работно искуство.

### 5.2 SWOT анализа за наставно-научниот и соработничкиот кадар

| | |
|---|---|
| S | • доволен број на наставници и соработници во моментот во однос на слични факултети во државата |

| | |
|---|---|
| **W** | • недостаток на соодветна опрема за поуспешна реализација на дел од предметите; |
| **O** | • ангажирање на демонстратори од редот на постдипломците на ФДМ за помош при изведбата на вежбите со што ќе се намали оптовареноста на постојните наставници;<br>• континуирано да се вложува во оспособување на сопствен кадар од редовите на студентите и асистентите во домашни и странски институции. |
| **T** | • одлив на наставничкиот и соработничкиот кадар заради немотивираност и незадоволство од условите за работа |

Анкетирањето на студентите е изведено преку пополнување на прашалници за нивото за реализација на предавање и вежби за наставникот и асистентот. Прашалниците им се дадени на студентите за пополнување неколку седмици пред почетокот на последниот колоквиум за соодветните предмети.

Од средните оценки пресметани од сите анкетирани студенти може да се заклучи дека по сите прашања студентите главно се сложуваат и потполно се сложуваат со наведените прашања. Во однос на секоја средна вредност по сите прашања (не сметајќи го присуството на студентите)за 2020/2021 година, резултатот е **4.7**

## 6. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Студиските програми на сите нивоа на студии се организирани според тековните и идните потреби на индустријата, медиумите и другите дејности, а по пример на најдобрите високошколски установи во светот.

Според тоа студиските програми овозможуваат образование на кадри со такви творечки способности, кои ќе можат да одговараат на сите барања на: дизајнирањето, истражувањето и развојот на индустриските производи, графичките производи-публикации и комуникации, модата, медиумите,анимацијата,маркетиншкиот дизајн како и на другите барања кои се поставуваат пред дизајнот и креативното творештво.

Кандидатите кои ќе се запишат на студии на факултетот имаат квалитетни професори од кои дел имаат неповторливо искуство во практична изведба на проектни активности од нивниот домен на едукација и делокруг на стручно уметнички познавања, воглавном современа опрема и најнова и актуелна литеартура.

Посебно ќе им биде овозможена примената на висока технологија и методологија на стекнување на уметнички, творечки и научни знаења на студентите им овозможува развивање на талентот, вештините и креативната имагинација, неопходни за примена во разните области на дизајн и мултимедија.

### 6.1 Форми на наставно-образовниот процес

Различните облици на наставно-образовен процес се различно застапени во студиската програма на Факултетот за дизајн и мултимедија. Нивната процентуална застапеност е дадена во следната табела:

| Предавања “ex cathedra“ | Интерактивна настава | Лаборатор. (практична) настава | Менторска настава | Теренска настава |
|---|---|---|---|---|
| 20% | 20% | 35% | 20% | 5% |

**6.2 Начини, методи и технологии во наставно-образовниот процес**

Во наставно-образовниот процес на Факултетот за дизајн и мултимедија се применуваат традиционални материјали и современа техничка опременост на просториите (штафелаи, модни кукли, маси за цртање и кроење, компјутери, проектори, софтверска поддршка итн).

Факултетот за дизајн и мултимедија располага со 1 студио за сликање и цртање, 1 студио/предавална за одредени дизајнерски општи предмети, 1 студио за моден дизајн, 2 компјутерски (PC) лаборатории . Практичната настава е многу важна и застапена во текот на процесот на студирање со што се овозможува активно учество на студентите во многубројни проекти и успешна реализација на истите. Неизоставна е забелешката по однос на оваа самоевалуација дека недостасуваат сеуште одреден број на компјутери и лиценцирани софтверски програми за настава.

**6.4 Начини на проверка на знаењата**

Проверката на знаењето на студентите се спроведува он лине-апликативно и писмено. Поради специфичноста на стручно-уметничките предмети на факултетот, испитите најчесто се спроведуваат практично (со изведба или доставување на досие, анимација, печатени дела и усно образложение на истото), додека по теоретските предмети е предвидено писмено полагање.

**6.5 Дипломска работа**

По положувањето на сите испити предвидени според наставната програма – се изработува дипломска работа. Дипломската работа претставува завршен стручно-уметнички проект на студентот кој се реализира под надзор на ментор/наставник.

Дипломската работа е дефинирана со Правилникот за дипломска работа.

**6.8 SWOT анализа за наставно-образовната дејност**

| | |
|---|---|
| **S** | • применети современи методи во наставниот процес (лабораториски вежби),<br>• начинот на кои се врши проверка на знаењата,<br>• вештините со кои се стекнуваат студентите во текот на студиите (широк дијапазон). |
| **W** | • технички помагала за поефективни предавања |
| **O** | • подобрување на процесот на наставата врз база на следење на промените кај високо-образовни институции во развиените земји и имплементација на нивните позитивни искуства<br>• соработка со факултети и универзитети од странство |
| **T** | • следење на редовноста на студентите<br>• континуирано следење на успехот на секој студент на одредени временски периоди<br>• фаворизирање на државните Факултети пред приватните. |

**7. СТУДЕНТИ**

Во поглед на ангажираноста на студентите – може да се каже дека постои рамнотежа во поглед на планираните и реализираните студентски активности (учество на кампањи, изложби, културни манифестации, изработка на проектни, семинарски и домашни задачи). Прогресот на студентот се оценува според повеќе параметри кои се дефинирани во ЕКТС концептот.

### 7.1 SWOT анализа за студентите

| | |
|---|---|
| **S** | • поволни конкурсни услови за запишување на студентите во прва година<br>• голема веројатност за брзо вработување во струката по дипломирањето |
| **W** | • слабата вклученост на студентите во наставниот процес |
| **O** | • подобрување на условите за студирање<br>• зголемување на финансиската поддршка за студирање од страна на универзитетот и стопанските субјекти за студирање на приватни универзитети |
| **T** | • лошите социо-економски услови во државата, одлив на студентите во странство,Ковид пандемија<br>• фаворизирање на државните Факултети пред приватните |

## 8. ЛОГИСТИКА

Сервисот на Студентска служба е одлично организиран. Службата работи од 8-16 ч. Преку неа се врши целокупното спроведување на испитите и колоквиумите од организациски аспект. Обемот на студентска служба го задоволува и обемот на вработените и редовноста во услужувањето на студентите.

На Универзитетот постои сервис за копирање и од него делумно задоволни се вработените и студентите.

## 9.ПРОСТОРНИ И МАТЕРИЈАЛНИ РЕСУРСИ

Факултетот за дизајн и мултимедија располага со следните просторни и материјални ресурси:

| **Опременост на Факултетот за дизајн и мултимедија** | |
|---|---|
| Факултет: Факултетот за дизајн и мултимедија<br>Учебна година: 2018/2019<br>Датум на самоевалуација: 11.11.2020 | |
| **Вид на опрема** | **Број** |
| Компјутерски училници | **3**(619, 614,612) – 130 седишта |
| Останати училници<br>(Студио за општо-дизајнерски предмети) | **1** (618) – 64 седишта |
| Модно студио<br>(617) | **2** Маси за цртање<br>**8** Машини за шиење (Brother)<br>Дополнителни реквизити<br>25 седишта |

| | |
|---|---|
| Студио за цртање и сликање (616) | **35** Штафелаи (седечки)<br>**8** Штафелаи (стоечки)<br>**8** Гипсани модели<br>Дополнителни реквизити |
| Професорски кабинети | **4** |
| Асистентски кабинет | **1** |
| Компјутери | (5pc)во лабор. 619,(2pc) во лабор. 614, (5 pc) во лабор.612 (7pc) |
| LCD проектори | **6** |
| Скенери | **0** |
| Принтери | **0** |

**Напомена:** нема поделба на професорски и асистентски кабинети.

Расположливиот простор ги задоволува потребите на наставата, но со запишувањето на следни генерации студенти – ќе биде неопходно опремување на барем уште **1 просторија** за изведување на стручно уметнички предмети. Неопходно е да се доопремат компјутерските лаборатории со нови компјутери, таблети , принтер во колор и технички помагала.

Се користи библиотеката на Универзитетот, каде е потребно да са истакне дека нема доволно наслови од областа на дизајнот и мултимедијата.

## 10.НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА

### 10.1 Соработка со стопанство, со владини институции, со не-владини организации и со други асоцијации на национално ниво, а во контекст на мисијата, целите и задачите на установата

Во поглед на соработката со домашни институции, би ја истакнале добрата соработка со:

1. Музејот на Македонија со кои имаме склучено меморандум за соработка. Студентите на Факулететот веќе реализираа неколку заеднички проекти каде ја истакнаа важноста во негувањето на културните, историските и националните вредности на Р. Македонија.
2. Кинотека на Република северна Македонија
3. ЈРП Македонска Радио Телевизија
4. Книгоиздателство „Култура“
5. Здружение на самохрани родители Скопје
6. Министерство за култура на Република Северна Македонија
7. Национална Филхармонија на Република Северна Македонија
8. Факултетот за ликовни уметности при УКИМ Скопје
9. Факултетот за драмски уметности при УКИМ Скопје

### 10.2 Учество во Европски и други програми

Оваа година не е реализирано ниедно учество на европски и други програми.

**10.4 Размена на академски кадар со други академски центри во земјата и странство**

Не е реализирана размена на академски кадар во земјава или странство.

**10.5 Студентска размена со други академски центри во земјата и странство**

Не е реализирана размена на студенти во земјава или странство.

**10.6 Контакти со дипломираните студенти**

Факултетот е во добри контакти со дипломираните студенти како негово големо алумни.

**10.7 Контакти со работодавците**

Контактите со работодавците веќе прераснуваат во традиција на Факултетот за дизајн и мултимедија. Најчесто се тоа компании, маркетинг агенции, модни куќи: Македонска телевизија, M3DS,24 Вести,Efectiva, Futura, DUNA computers,Кинотека на Македонија, Факултет за ликовни уметности при УКИМ, Факултет за драмски уметности при УКИМ...

Нашата соработка ја надополнуваме со понатамошни активности и ангажмани на студентите за изведување на практична настава.

**10.9 Меѓународна димензија на студиските програми**

Студиските програми на Факултетот за дизајн и мултимедија се во корелација со многу манифестации од областа на дизајнот, како и соработка со познати и признати Факултети во регионов и пошироко.Факултетот се грижи за континуирано следење на техничко-технолошките иновации и осовременување на студиската програма со поголем опфат на истражувачката и професионалната пракса, со цел на кревање на стандардните и квалитетот на стекнатите знаење на повисоко ниво.

**10.11 Користење на странска литература**

Користењето на странска литература е пожелно и неопходно за нашата струка.

**10.12 SWOT анализа за надворешната соработка**

| | |
|---|---|
| **S** | • активно учество на интерни и екстерни проекти<br>• Соработка со компаниите и работодавците |
| **W** | • индивидуални контакти и обиди за воспоставување на соработка со странски високо-образовни институции |
| **O** | • организација на семинари, симпозиуми и конференции<br>• вклучување во меѓународни проекти<br>• соработка со странски високо-образовни институции,посета на изложби |

| | |
|---|---|
| | музеи<br>• учество на кадарот во меѓународни проекти,изложби,симпозиуми.. |
| **Т** | • недоволна достапност на европски фондови |

## 11.УМЕТНИЧКО-НАУЧНИ, СТРУЧНИ АКТИВНОСТИ И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Уметничко-научната и стручна активност на Факултетот за дизајн и мултимедија природно се базира на повеќе застапени наставни дисциплини во студиската програма и тоа: уметничките, техничките, информатичките, технолошките, маркеингшките и другите дисциплини. Наставниот кадар остварува уметничко-научна активност преку остварување и реализирање на репрезентативни референци во земјава и странство (изложби, учества на сипозиуми, обуки, селекции, фестивали...) изложени и оценети од уметничката критика, потоа проекти и стручни активности од областа на уметноста и дизајнот.

### 11.2Надворешна соработка и претставување на делата на студентите

ФДМ во академската 2020/2021 година спроведе повеќе соработки со надворешни субјекти, реализација на општествено одговорни проекти, учества/претставувања на студентите на меѓународни и државни конкурси, како и организирано јавно претставување на резултатите од образовниот процес со изложување на студентските дела,во периодот кој што го опфаќа овој извештај, спроведе соработки со надворешни субјекти, реализација на општествено одговорни проекти, учества/претставувања на студентите на меѓународни и државни конкурси, како и организирано јавно претставување на резултатите од образовниот процес со изложување на студентските дела. Ги издвојувам следните:

- Студентка од АУЕ-ФОН освои прво место за изработка на постер на конкурсот распишан од Амбасадата на Република Италија. Имено, Евангелија Ивановска студентка од Факултетот за Дизајн и мултимедија при Американскиот Универзитет на Европа – ФОН (АЕУ-ФОН) го освои првото место за изработка на постер со кој учествуваше на конкурсот насловен „Данте 700“ кој што го организираше Институтот Данте Алигери (Instituto Dante Alighieri) од Скопје и Амбасадата на Република Италија. Конкурсот беше распишан по повод одбележувањето на 700 години од смртта на авторот на делото „Божествена комедија“, кој го постави италијанското средновековно литературно творештво на пијадесталот на светската литература, светски познатиот Данте Алигиери. На конкурсот беа доставени вкупно 281 постер од 170 учесници, претежно студенти од факултетите и академиите за визуелна уметност, а исто така учествуваа и ученици од средните училишта. По првото рангирање, комисијата составена од македонските дизајнери Небојша Гелевски и Нгадњим Мехмети, како и од Серхио Оливоти и Марко Натоли од Италија, ги избраа 15 -те финалисти. Во соработка со амбасадата, конечно беа избрани трите победници, а освен со првото место освоено од Евангелија Ивановска, меѓу првите десетмина со своите постери се пласираа и нашите студенти Никола Крстиќ и Моника Нефтенова, од Факултетот за Дизајн и мултимедија при АУЕ ФОН . Ментор беше проф. м-р Стефан Јакимовски.
- Студентката Ана Андонова, изработи документарен филм со кој учествуваше на Филмскиот фестивал за туркофонските земји во 2021 година (TURK DUNYASY 4. BELGESEL FILM FESTIVALI TESEKKUR

BELGESI). Нејзиниот филм влезе во фестивалската конкуренција, согласно високите фестивалски критериуми.

- Редовна студентска изложба со делата на студентите на мрежна страница https://www.auefondesign.com/ достапна за сите.Страницата е изработена со менторско водство на доц. м-р Марко Ружин.
- Студенти на Факултетот за дизајн и мултимедија учествуваа во изработката на дизајнот и концептот на мрежната страница на ФИНЕ ХОЛДИНГ, со посебно залагање на студентите Никола Крстиќ и Никола Даниловски.
- Учество во МАССУМ-категорија најдобар постер-Ментор проф.Стефан Јакимовски
- Учество во МАССУМ-категорија најдобра видео реклама-Ментор проф.Игор Шокаровски...

**11.3 SWOT анализа за научно-истражувачката и издавачка дејност**

| | |
|---|---|
| **S** | • динамичен развој на дигиталните можности во доменот на современото креирање во дизајнот<br>• интерес за учество во уметничко-научни и стручни активности на наставниот и соработничкиот кадар |
| **W** | • индивидуално објавување на уметничко-научни и стручни активности како резултат на само-иницијативноста и ентузијазмот на поединци, а не на тимска работа |
| **O** | • поголем интензитет на уметничко-научните и стручни активности преку поврзување со странски високо-образовни институции<br>• интензивирање на меѓународната соработка преку организација на меѓународни и домашни семинари и симпозиуми<br>• поддршка од управата во секаков облик<br>• вклучување во уметничко-научни проекти |
| **T** | • недоволна поддршка од Управата за научно-уметничка дејност |

## 12. ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

### 12.1 Интерно информирање на субјектите во наставно-образовниот процес и другите дејности на факултетот

За интерно информирање на Факултетот за дизајн и мултимедија, предвидено е да има редовни наставно-научни совети и извештаи за работата. Деканот е задолжен за спроведување на редовното информирање на наставниот и соработничкиот кадар.

#### 12.1.1 Информираноста на студентите преку сајтот на АУЕ-ФОН универзитетот, студентски информатор и календар за работа во учебната година

Постои редовна информираност на студентите преку сајтот на ФОН универзитетот. Сите најнови соопштенија, како и распоредот на часови, распоредот за полагање (термини на сесиите) и студиските програми се ставени на веб сајтот. Имаме и FB (фејсбук) страна на која редовно се објавуваат и ажурираат сите активности на наставниот кадар и студентите, кои согласно позитивните законски нормативи смеат да бидат објавени.

Исто така – Студентската служба е задолжена за редовно информирање на студентите. Студентите во секое време од денот (08-16 ч.) можат да ги добијат потребните информации по телефон, или лично на шалтер.

**12.2 Екстерно информирање на јавноста**

Оваа дејност се спроведува преку централната служба за информирање (и портпаролот) на АУЕ-ФОН Универзитетот. Тоа е регулирано со процедури на управата на ФОН Универзитетот и Ректорската управа со кои што се регулирани надлежностите за екстерното информирање на АУЕ-ФОН Универзитетот.

**13.Финансирање**

Финансирањето на Факултетот за дизајн и мултимедија е дел од финансирањето на Универзитетот ФОН, а тоа се реализира исклучиво преку уплатената школарина од студентите (без никаков придонес од државата). Секако – постојат и инвестиции на сопственикот за овозможување на современи услови на наставно-образовниот процес.

**14.Обезбедување и оценување на квалитеот на академскиот кадар**

Оценувањето на квалитетот на академскиот кадар на нашиот Факултет се изврши согласно Правилникот за избор и Единствените критериуми за избор во наставно-научни, наставни и стручни звања усвоен од Интер-универзитетската конференција на РСМ. Од оценувањето – ги согледавме следните констатации:

- Почитувани се стриктно универзитетските единствени критериуми за избор во наставни звања;
- Бројот на академски кадар во целост го задоволува покривањето на сите наставни области
- Соодносот помеѓу образовната дејност и уметничко-научните и стручни активностина наставниот кадар е соодветен, се посветува еднакво внимание и на наставната дејност и на стручно - уметничката дејност.

**15.Препораки и корективни мерки**

Освен споменатите во постојните поглавја препораки, предлог корективни мерки и забелешки, несомнено е дека е потребно споменувањето и на сите следни кои ќе се доставуваат во иднина на следните ННУС,а кои што ќе бидат и изгласани и усвоени.

**Резултати од спроведената анкета од студентите за оценка на наставниот кадар на АУЕ-ФОН Универзитет за учебната 2020/2021 година Факултет за дизајн и мултимедија – Скопје**

**А) Одговорот на прашањата од 1 до 8 се презентираат во подолу наведената табела во која се внесуваат резултатите од анкетата за сите предмет за кои е задожен професорот или асистентот**

Сите наставници имаат позитивна оценка од спроведената самоевалуација. Просечната оценка на наставниот кадар е **4.7**

| Ред. Бр. | Име и презиме | Број на прашање и дадена оценка од страна на студентите | | | | | | | | Просечна оценка | Анкетирани |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | | |
| 1 | доц. м-р Марко Ружин | 4.7 | 4.9 | 4.9 | 4.9 | 4.9 | 4.9 | 4.9 | 4.7 | 4.8 | 77 |
| 2 | проф. д-р Марија Ветеровска | 5.0 | 4.9 | 4.9 | 5.0 | 4.9 | 5.0 | 5.0 | 4.8 | 4.9 | 66 |
| 3 | проф. м-р Игор Шокаровски | 4.9 | 4.7 | 4.9 | 4.9 | 4.8 | 4.9 | 4.9 | 4.7 | 4.8 | 87 |
| 4 | проф. м-р Антонио Арангеловиќ | 4.9 | 4.9 | 5.0 | 5.0 | 4.8 | 4.9 | 4.9 | 4.6 | 4.9 | 134 |
| 5 | проф. м-р Милош Милосавлевиќ | 4.9 | 4.9 | 4.8 | 4.8 | 4.8 | 4.9 | 4.8 | 4.7 | 4.8 | 116 |
| 6 | проф. м-р Стефан Јакимовски | 4.8 | 4.9 | 4.8 | 5.0 | 4.9 | 4.9 | 4.9 | 4.7 | 4.9 | 83 |
| 7 | насловен доц. м-р Андреј Ѓоргиевски | 4.3 | 4.1 | 4.5 | 4.6 | 4.6 | 4.6 | 4.5 | 3.8 | 4.4 | 22 |
| 8 | доц. м-р Александра Јовановска | 4.8 | 4.7 | 4.7 | 4.8 | 4.7 | 4.8 | 4.7 | 4.7 | 4.8 | 26 |
| 9 | доц. д-р Ивана Јарчевска | 4.9 | 4.9 | 4.9 | 4.8 | 4.8 | 4.8 | 4.7 | 4.7 | 4.8 | 66 |
| 10 | проф. д-р Љубица Кардалевска | 4.8 | 4.7 | 4.8 | 4.8 | 4.6 | 4.7 | 4.7 | 4.7 | 4.7 | 10 |
| 11 | доц. д-р Екатерина Намичева | 4.4 | 4.9 | 5.0 | 4.4 | 4.8 | 5.0 | 4.8 | 5.0 | 4.8 | 20 |
| 12 | доц. м-р Татјана Пепељуговска | 4.8 | 4.7 | 4.7 | 4.8 | 4.7 | 4.7 | 4.7 | 4.7 | 4.7 | 18 |
| 13 | проф. д-р Маја Саревска | 3.7 | 4.0 | 3.7 | 4.2 | 3.7 | 4.3 | 3.9 | 4.1 | 3.9 | 19 |
| 14 | проф. д-р Александра Србиновска Дончевски | 4.6 | 4.8 | 4.8 | 4.6 | 4.6 | 4.8 | 4.8 | 4.4 | 4.7 | 5 |
| 15 | проф. д-р Тања Китановска | 5.0 | 5.0 | 5.0 | 5.0 | 5.0 | 5.0 | 5.0 | 5.0 | 5.0 | 2 |
| 16 | Габриела Неделоковска | 4.4 | 4.6 | 4.6 | 4.4 | 4.1 | 4.5 | 4.2 | 3.3 | 4.3 | 65 |
| | Просечна оценка на Факултетот по поединечно прашања и Просечна за целиот Факултетот во k28 | 4.7 | 4.7 | 4.8 | 4.7 | 4.7 | 4.8 | 4.7 | 4.5 | 4.7 | 4.7 |

**Б) Одговорот на 9то прашање се добива со помош на следнава табела:**

Во академската 2020/2021 година, беа пополнети вкупно 816 анкетни прашалници. Според резултатите, повеќето од анкетираните студенти (85%) редовно ја посетуваат наставата.

| Ре. Бр. | Име и презиме | Колку редовно присуствувате на настава | | | | | Вкупен број на прашалниц |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 0-20% | 20-40% | 40-60% | 60-80% | 80-100% | |
| 1 | доц. м-р Марко Ружин | 1 | 3 | 4 | 9 | 60 | 77 |
| 2 | проф. д-р Марија Ветеровска | 1 | 1 | 0 | 8 | 56 | 66 |
| 3 | проф. м-р Игор Шокаровски | 0 | 1 | 2 | 12 | 72 | 87 |
| 4 | проф. м-р Антонио Арангеловиќ | 0 | 3 | 8 | 16 | 107 | 134 |
| 5 | проф. м-р Милош Милосавлевиќ | 1 | 3 | 6 | 12 | 94 | 116 |
| 6 | проф. м-р Стефан Јакимовски | 0 | 3 | 8 | 14 | 58 | 83 |
| 7 | насловен доц. м-р Андреј Ѓоргиевски | 0 | 1 | 1 | 2 | 18 | 22 |
| 8 | доц. м-р Александра Јовановска | 2 | 1 | 2 | 6 | 15 | 26 |
| 9 | доц. д-р Ивана Јарчевска | 1 | 2 | 7 | 7 | 49 | 66 |
| 10 | проф. д-р Љубица Кардалевска | 2 | 3 | 2 | 0 | 3 | 10 |
| 11 | доц. д-р Екатерина Намичева | 0 | 0 | 1 | 5 | 14 | 20 |
| 12 | доц. м-р Татјана Пепељуговска | 0 | 1 | 1 | 3 | 13 | 18 |
| 13 | проф. д-р Маја Саревска | 0 | 0 | 1 | 4 | 14 | 19 |
| 14 | проф. д-р Александра Србиновска Дончевски | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 5 |
| 15 | проф. д-р Тања Китановска | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 |
| 16 | Габриела Неделоковска | 2 | 2 | 9 | 9 | 43 | 65 |
| | Вкупни резултати | 10.00 | 24.00 | 52.00 | 107.00 | 623.00 | 816.00 |
| Процентно учество на одговорите | | 1.23 | 2.94 | 6.37 | 13.11 | 76.35 | 23.65 |

**Б) Одговорот на 10 прашање**

Повеќето од анкетираните студенти не го одговориле ова прашање. А таму каде што има одговор, тоа се најчесто позитивни коментари за работата на наставникот.

**В)** Методи на предавање на ниво на Факултетот за дизајн и мултимедија изразени во проценти

| На ниво на Факултет | Тековна реализација (%) | Предвидено да се реализира (%) |
|---|---|---|
| Предавање ex катедра (учител како фигура на авторитет, стои во предниот дел на класот и држи предавања) | 33% | 33% |
| Интерактивни предавања (поставување прашања на час, доделување и проверка на домашната задача, или да има дискусија со целиот клас или со група) | 27% | 27% |
| Менторска настава (консултант-наставник, кој има одговорност за супервизија и надзор на студентите) | 3% | 3% |
| Лабораториски вежби | 25% | 25% |
| Семинарска работа ( подготовка и предавање на семинарска работа) | 1% | 1% |
| Работа на терен (им овозможува на студентите да се испитаат теории и практични искуства на одредена интерактивна дисциплина) | 5% | 5% |
| Проект на семестарот | 1% | 1% |
| Студија на случај (Во длабочината на истражување на одреден контекст) | 4% | 4% |
| Студентска тимска работа | 1% | 1% |
| ВКУПНО: | 100% | 100% |

1.Број на испити според начинот на верификација на знаењето

| I колоквиум | | II колоквиум | | Целосен испит | |
|---|---|---|---|---|---|
| есеистички тип' на испит | 'тест тип' на испит | есеистички тип' на испит | 'тест тип' на испит | Број на есеистички тип на испит | Број на 'тест тип' на испит |
| 34 | 25 | 34 | 25 | 27 | 44 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 12 |
| | 6 | | 6 | | 6 |
| | 9 | | 9 | | 9 |
| 8 | | 8 | | 8 | |
| 9 | | 9 | | 9 | |
| 7 | | 7 | | | 7 |
| 10 | 10 | 10 | 10 | 10 | 10 |

XXX

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ**

Судејќи според спроведената анкета, студентите се  задоволни од квалитетот на наставата која се нуди на ФДМ. Анализата на податоците укажува на следните препораки:

1. Да се почитуваат термините за почеток на наставата и истата да се одржува редовно.
2. Да постои поголема поврзаност помеѓу наставата и колоквиумите и да не се оценува материјал кој не е обработен на часовите.
3. Сите дополнителни задачи (проектни задачи, презентации и сл.) да се определат и најават на почетокот на семестарот, а не во текот или кон крајот на семестарот, кога студентите се зафатени со подготовка на колоквиумите.

**Комисија:**
**проф м-р Стефан Јакимовски (претседател)**

__________________________________

**доц.м-р Марк Јанура (член)**

__________________________________

**доц.м-р Емилија Славкова (член)**

__________________________________